Биланс на состојба

Назив на друштво	**Комерцијална банка АД Скопје**
Период на известување	**01.01 - 30.06**
Година	**2026**
Извештајот е консолидиран	**не**

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 30.06.2026	претходна година 31.12.2025
Актива			
Парични средства и парични еквиваленти	18	59,848,083	60,054,842
Средства за тргување	19	28,801	30,468
Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање	20	391,957	386,428
Деривативни средства чувани за управување со ризик	21	0	0
Кредити на и побарувања од банки	22.1	6,765,662	5,475,873
Кредити на и побарувања од други комитенти	22.2	83,709,534	80,992,872
Вложувања во хартии од вредност	23	41,222,630	38,547,685
Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според „методот на главнина“)	24	311,397	436,179
Побарувања за данок на добивка (тековен)	30.1	234,486	391
Останати побарувања	25	1,589,917	3,692,007
Заложени средства	26	0	0
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	27	4,973	4,197
Нематеријални средства	28	317,840	141,432
Недвижности и опрема	29	2,785,946	2,765,684
Одложени даночни средства	30.2	0	0
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување	31	0	0
Вкупна актива		**197,211,226**	**192,528,058**
Обврски			
Обврски за тргување	32	0	640
Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање	33	0	0
Деривативни обврски чувани за управување со ризик	21	0	0
Депозити на банките	34.1	132,780	49,355
Депозити на други комитенти	34.2	168,922,786	164,711,198
Издадени должнички хартии од вредност	35	0	0
Обврски по кредити	36	3,402,002	3,399,996
Субординирани обврски	37	0	0
Посебна резерва и резервирања	38	174,873	256,327
Обврски за данок на добивка (тековен)	30.1	0	51,561
Одложени даночни обврски	30.2	0	0
Останати обврски	39	1,764,047	980,800
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	31	0	0
Вкупно обврски		**174,396,488**	**169,449,877**
Капитал и резерви			
Запишан капитал	40	2,279,067	2,279,067
Премии од акции		773,632	771,527
Сопствени акции		0	-13,386
Други сопственички инструменти		0	0
Реваloризациски резерви		1,303	1,720
Останати резерви		15,642,513	14,041,947
Задржана добивка/(Акумулирана загуба)		4,118,223	5,997,306
Вкупно капитал и резерви, кои припаѓаат на акционерите на банката		**22,814,738**	**23,078,181**
Неконтролирано учество*		0	0
Вкупно капитал и резерви		**22,814,738**	**23,078,181**
Вкупно обврски и капитал и резерви		**197,211,226**	**192,528,058**
Потенцијални обврски	42	25,077,718	19,903,360
Потенцијални средства	42	0	0

* само за консолидираните финансиски извештаи

Биланс на успех

Назив на друштво	**Комерцијална банка АД Скопје**
Период на известување	**01.01 - 30.06**
Година	**2026**
Извештајот е консолидиран	**не**

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 30.06.2026	претходна година 30.06.2025
Приходи од камата		3,518,811	3,404,751
Расходи за камата		-459,351	-416,948
Нето-приходи/(расходи) од камата	6	**3,059,460**	**2,987,803**
Приходи од провизии и надомести		1,186,878	1,140,637
Расходи за провизии и надомести		-525,412	-519,949
Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести	7	**661,466**	**620,688**
Нето-приходи од тргување	8	3,523	-10,843
Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност	9	5,528	5,698
Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики	10	198,793	216,979
Останати приходи од дејноста	11	407,403	663,595
Удел во добивката на придружените друштва	24	0	0
Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа	12	-281,278	-315,513
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа	13	0	-4,885
Трошоци за вработените	14	-637,577	-586,896
Амортизација	15	-133,168	-129,666
Останати расходи од дејноста	16	-485,927	-486,890
Удел во загубата на придружените друштва	24	0	0
Добивка/(загуба) пред оданочување		**2,798,223**	**2,960,070**
Данок од добивка	17	0	0
Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење		**2,798,223**	**2,960,070**
Добивка/(загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба*		0	0
Добивка/(загуба) за финансиската година		**2,798,223**	**2,960,070**
Добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:			
акционерите на банката		0	0
неконтролираното учество		0	0
Заработка по акција	41		
основна заработка по акција (во денари)		0.00	0.00
разводнета заработка по акција (во денари)		0.00	0.00

* само за консолидираните финансиски извештаи

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

Назив на друштво	**Комерцијална банка АД Скопје**
Период на известување	**01.01 - 30.06**
Година	**2026**
Извештајот е консолидиран	**не**

		во илјади денари	
		тековна година	претходна година
	Белешка	30.06.2026	30.06.2025
Добивка/(загуба) за финансиската година		**2,798,223**	**2,960,070**
Останати добивки/(загуби) во периодот (пред оданочување)			
Останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)			
Ревалоризациска резерва за сопствени средства расположливи за продажба			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на сопствениците средства расположливи за продажба		0	0
- реализирани нето-добивки/(загуби) од сопствениците средства расположливи за продажба, рекласификувани во Останати резерви		0	0
Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност		0	0
Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех	17	0	0
Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех		**0**	**0**
Останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех (пред оданочување)			
Ревалоризациска резерва за должнички средства расположливи за продажба			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на должничките средства расположливи за продажба		-417	5,218
- реализирани нето-добивки/(загуби) од должничките средства расположливи за продажба, рекласификувани во Билансот на успех		0	0
- дополнителна исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба		0	0
- ослободување на исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба		0	0
Ревалоризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања			
- ревалоризациска резерва признаена во текот на годината		0	0
- намалување на ревалоризацискатa резерва, рекласифицирано во Билансот на успех		0	0
Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови		0	0
- реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот од паричните текови, рекласификувани во Билансот на успех		0	0
Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење		0	0
Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење		0	0
Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва коишто не се прикажуваат во Билансот на успех	24	0	0
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех		0	0
Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех	17	0	0
Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех		**-417**	**5,218**
Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот		**-417**	**5,218**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година		**2,797,806**	**2,965,288**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:			
акционерите на банката			
неконтролираното учество			

* само за консолидираните финансиски извештаи

Комерцијална банка

Коментар на неревидирани и неконсолидирани
Биланс на успех и Биланс на состојба
на Комерцијална банка АД Скопје
за периодот 01.01. - 30.06.2026 година

1. Биланс на успех

Во периодот од 01.01. до 30.06.2026 година Банката од своето работење оствари ***позитивен финансиски резултат*** во износ од 2.798,2 милиони денари, наспроти остварениот ***позитивен финансиски резултат*** во истиот период минатата година во износ од 2.960,1 милион денари, што претставува намалување за 5,5 %. И покрај ваквото намалување, сепак планираната бруто-добивка за првото полугодие од годинава е остварена со 110,9 %. Позитивниот финансиски резултат е остварен во услови на зголемени ризици од надворешното окружување и продолжена неизвесност на глобалните пазари. Новиот воен конфликт на Блискиот Исток и натамошните геополитички тензии предизвикаа нарушувања во снабдувањето со нафта и гас, раст на цените и влошени економски изгледи на глобално ниво. Во рамки на домашната економија, овие фактори се одразуваат преку зголемени инфлаторни притисоци и очекувања за намален економски раст, и покрај стабилната побарувачка и поддршката од јавните инвестиции. Поради присутните економски последици од геополитичките случувања, неизвесноста околу темпото на целосна стабилизација и притисоците врз инфлацијата, како и зголемените каматни стапки од страна на ЕЦБ, во текот на јуни НБРСМ изврши умерено затегнување на монетарната политика што резултираше со зголемување на основната каматна стапка за 0,25 п.п. до нивото од 4,25 %.

Остварената добивка пред исправка на вредност, која претставува показател за оперативната способност на Банката да ги покрива расходите од работењето, е за 6,1 % пониска во однос на истиот период минатата година. Намалувањето на добивката пред исправка на вредност главно произлегува намалените останати приходи од дејноста, како и помал износ на реализирани нето позитивни курсни разлики.

Вкупните приходи од работењето изнесуваат 4.336,2 милиони денари и бележат намалување од 3,3 % во однос на истиот период минатата година.

Нето-приходите од камата претставуваат основна компонента во формирањето на вкупните приходи од работењето и истите се зголемени за 2,4 % во однос на истиот период минатата година. Планот е исполнет со 103,5 %. Приходите по основ на камата бележат зголемување за 3,4 %, при што најголем пораст бележат приходите од камата остварени од секторот држава поради зголемените пласмани во државни хартии од вредност. Пораст бележат и приходите од камата од домаќинствата и од нефинансиските друштва како резултат на зголемено кредитирање. Расходите по основ на камата бележат зголемување од 10,2 % поради зголемените орочени депозити споредено со истиот период минатата година. Нето каматната маржа на ниво на Банката е намалена од 3,63 % на крајот од вториот квартал од минатата година, на 3,45 % на 30.06.2026 година.

Нето-приходите од провизии и надоместоци на 30.06.2026 година изнесуваат 661,5 милиони денари и во однос на истиот период минатата година бележат зголемување од 6,6 % како резултат на зголемен обем на работење со клиентите во повеќето деловни активности, во услови на извршени намалувања на надоместоците од доменот на платежните услуги во земјата. Планот за анализираниот период е остварен со 110,2 %.

Нето-приходите од курсни разлики на 30.06.2026 година изнесуваат 198,8 милиони денари и бележат намалување од 8,4 % во однос на истиот период минатата година, додека Планот за анализираниот период е остварен со 109,2 %.

Останатите приходи од работењето на Банката на 30.06.2026 година изнесуваат 407,4 милиони денари и бележат намалување од 38,6 % во однос на истиот период минатата година, во најголем обем поради намален износ на реализирана капитална добивка од продажба на преземен имот. Планот е остварен со 81,9 %.

Оперативните расходи за периодот 01.01. - 30.06.2026 година изнесуваат 1.256,7 милиони денари и во однос на истиот период минатата година се зголемени за 4,4 %, во најголем дел како резултат на зголемениот износ на плати и други трошоци за вработените, а во помал обем и поради зголемената амортизација. Планот е остварен со 84,3 %.

Нето исправката на вредност на финансиските средства заклучно со 30.06.2026 година изнесува 281,3 милиони денари и бележи намалување од 10,9 % во однос на истиот период минатата година кога изнесуваше 315,5 милиони денари. Планот е остварен со 92,7 %.

2. Биланс на состојба

Вкупната актива на Банката на 30.06.2026 година достигна износ од 197.211,2 милиони денари и во однос на декември 2025 година бележи зголемување од 2,4 %. Зголемувањето во најголем обем се должи на зголемените кредити на комитенти, зголемените вложувања во хартии од вредност и зголемените кредити на и побарувања од банки. Планот е остварен со 99,9 %.

Паричните средства и паричните еквиваленти бележат намалување од 0,3 %, во најголем обем поради намалената состојба на благајничките записи, а во помал дел и поради намалената состојба на тековните сметки во девизи на Банката во странство. Планот е остварен со 94,3 %.

Финансиските средства по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетното признавање во износ од 392 милиони денари, се состојат од вложувања во удели во инвестициски фондови кои се зголемени како резултат на пазарното вреднување на уделите на КБ Инвест балансиран и паричен.

Кредитите на и побарувањата од банки бележат зголемување од 23,6 % како резултат на зголемената состојба на орочените депозити со рочност од 3 месеци до 1 година во валути EUR, USD и AUD. Планот е исполнет со 117,8 %.

Кредитите на и побарувањата од други комитенти бележат зголемување од 3,4 % како резултат на зголеменото кредитирање кај домаќинствата и нефинансиските друштва. Планот е остварен со 100,7 %.

Вложувањата во хартии од вредност се зголемени за 6,9 %, како резултат на поголем износ на запишани од достасани државни обврзници и државни записи. Планот е остварен со 110,6 %.

Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања бележат зголемување од 18,5 % по основ на платен и капитализиран данок на промет на недвижности на дел од преземениот имот. Истите имаат незначително учество во вкупната актива.

Вкупните депозити (депозити на комитенти и депозити на банки) изнесуваат 169.055,6 милиони денари и бележат зголемување од 2,6 % во однос на декември 2025 година, во најголем обем како резултат на зголемените депозити на нерезидентите и домаќинствата. Планот е остварен со 100,1 %.

Обврските по кредити изнесуваат 3.402 милиони денари и во однос на декември 2025 година се зголемени за 0,1 % како резултат на нето-ефектот од нови повлекувања и отплатени доспеани рати од кредитните линии. Во извештајниот период се повлечени средства од кредитната линија на РБСМ (таканаречениот Унгарски кредит), наменета за

компании, и од кредитната линија на EBRD GFF (Green Finance Facility), наменета за финансирање проекти кои што овозможуваат поттикнување инвестиции на МСП во високи технологии и услуги коишто ја подржуваат зелената економија во РСМ. Планот е остварен со 99,6 %.

Акционерскиот капитал и резервите на Банката со состојба 30.06.2026 година достигнаа износ од 22.814,7 милиони денари и во однос на декември 2025 година бележат намалување од 1,1 %. Согласно Одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка од 2025 година усвоена на Собранието на акционери одржано на 27.03.2026 година, дел од нераспределената добивка од 2025 година во износ од 5.077,3 милиони денари е прераспределен во резервен фонд на Банката (1.600,6 милиони денари), 400 милиони денари се распределени во задржана добивка за инвестициски вложувања, а остатокот е исплатен како дивиденда на акционерите во мај 2026 година. Исто така, во јануари по пат на јавна понуда се продадени откупените сопствени акции на Банката стекнати по основ на правосилно судско решение за намирување на побарувања од стечаен должник (558 акции во износ од 13,4 милиони денари), при што е евидентирана премија од акции. Планот е реализиран со 95,8 %.

3. Очекувања за претстојниот период

Макроекономските услови во кои Банката ќе ја остварува својата активност во текот на 2026 година се условени од сè уште неизвесниот и непредвидлив глобален амбиент, негативните ефекти кон стапката на раст и очекуваните инфлаторни притисоци како резултат на воениот конфликт на Блискиот Исток.

Притисоците и неизвесностите во рамки на глобалната економија упатуваат на потребата од внимателен пристап во обликувањето на очекувањата за остатокот од 2026 година, при што се земени предвид проекциите објавени од Министерството за финансии, Народната банка на Република С Македонија, ММФ и Светската банка.

Очекувањата за стапката на раст на БДП според меѓународните финансиски институции се дека таа ќе изнесува околу 3 % за 2026 година, додека од страна на Министерството за финансии и Народната банка на Република С Македонија се пооптимистички и согласно последните проекции се проектирани на 3,5 %. Во однос на структурата на растот, се очекува главен двигател да остане домашната побарувачка, односно растот на бруто инвестициите и домашната потрошувачка, поддржани од порастот на кредитирањето. Во 2026 година се очекува бруто инвестициите да остварат раст од 8,4 % на реална основа, додека за личната потрошувачка проектираниот просечен раст изнесува 2,6 % поддржан од растот на расположливиот доход и понатамошниот раст на кредитирањето. Јавната потрошувачка ќе остане со умерен раст од 1,4 %. Извозот се очекува да оствари просечен раст од 4,7 % а увозот од 4,9 %, односно намален придонес на нето-извозот кон растот.

Макроекономската стабилност ќе продолжува да се остварува преку одржување на ценовната стабилност и стабилноста на номиналниот девизен курс на денарот во однос на еврото. Според последните податоци од ДЗС, годишната стапка на инфлација во јуни 2026 година изнесува 4,1 %. Согласно објавените проекции од страна на НБРСМ, годишната стапка на инфлација за 2026 година се очекува да изнесува околу 4 %, со тенденција на надолно приспособување и постепено враќање кон историскиот просек во остатокот од периодот, во услови на отсуство на позначителни инфлациски притисоци од домашната побарувачка и увозните цени, како и при закотвени инфлациски очекувања. Согласно новата монетарна рамка усвоена на крајот на 2025 година, како и зголемените каматни стапки од страна на ЕЦБ, НБРСМ на крајот на првото полугодие од 2026 година изврши нагорна корекција на каматните стапки на благајничките записи и на расположливиот депозит преку ноќ за 0,25 п.п., односно од 4,00 % на 4,25 % и од 3,50 % на 3,75 % соодветно, додека понудата на аукциите се утврдува согласно проектираната промена на ликвидносната позиција на банкарскиот систем на неделна основа.

Очекувањата се дека во текот на 2026 година банкарскиот систем ќе продолжи да обезбедува кредитна поддршка во услови на заострени регулаторни барања (зголемување на противцикличниот заштитен слој на капиталот, заострени макропрудентни показатели, зголемени обврски и стапки на задолжителната резерва во денари и во девизи, подготовки за исполнување на минималната стапка на сопствени средства и минимални обврски и нова оперативна рамка на монетарната политика). Во јуни 2026 година кредитната активност порасна за 13,1 % на годишно ниво, при што кредитирањето на домаќинствата се зголеми за 12,1 %, а кредитирањето на нефинансиските друштва за 14,2 %. Вкупните депозити беа повисоки за 9,9 % на годишно ниво, одразувајќи раст кај депозитите на домаќинствата од 10,5 % и кај корпоративните депозити од 8,0 %. За периодот 2026 – 2028 година проекциите на кредитниот раст се предвидени со релативно помала динамика, или 7,3 %, во просек, додека растот на вкупните депозити е проектиран со просек од околу 7,6 % годишно.

Комерцијална банка ќе ги презема сите неопходни активности за прилагодување кон новонастанатите состојби, при што и во следниот период ќе биде фокусирана пред сè на одржување на квалитетот на портфолиото и на изнаоѓање флексибилни решенија на барањата на клиентите, ефикасно управување со трошоците, натамошна дигитализација на процесите и модернизација на деловната мрежа, прилагодување на деловните процеси во согласност со барањата на регулативата за платежни услуги и платни системи, како и со новата регулатива за заштита на потрошувачите, регулативата за финансиски инструменти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност, унапредување на доброто корпоративно управување и на практиките за одржлив развој, имплементација на систем за управување со ризиците од климатски промени и сл.

4. Известување за промени во сметководствените политики и методи на вреднување

Во текот на првото полугодие од 2026 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување.

5. Исплатени дивиденди

Во извештајниот период Банката објави повик за учество на Годишно собрание на акционери, кое се одржа на 27.03.2026 година. Составен дел на материјалите за Собранието беа и Одлуката за употреба и распределување на нераспределената добивка до 31.12.2025 година и Одлуката за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2025 година. Согласно наведените одлуки, Банката на 04.05.2026 година изврши исплата на дивидендата за 2025 година на акционерите иматели на обични акции кои се евидентирани во книгата на акции на 14.04.2026 година. Од вкупно пресметаната дивиденда за 2025 година во износ од 3.076.740.450,00 денари, исплатена е дивиденда на правни лица во износ од 1.519.823.250,00 денари и на физички лица во износ од 1.556.917.200,00 денари. Износот на дивиденда по една акција е 1.350,00 денари, односно 135,0 % во однос на номиналната вредност на акцијата.

6. Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности и опрема) или значителен отпис (поголем од 30 % од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)

Со состојба на 30.06.2026 година, недвижностите и опремата бележат зголемување од 0,7 % во однос на декември 2025 година, кое се должи на зголемената состојба на недвижностите и опремата во подготовка.

7. **Промени во кредитните задолжувања (намалувања или зголемувања поголеми од 30 %)**

Со состојба на 30.06.2026 година, обврските по кредити се зголемени за 0,1 % во однос на декември 2025 година како резултат на повисокиот износ на нови повлекувања во однос на износот на редовни отплати по договорите за кредити. Истите имаат минимално учество од 1,7 % во вкупната пасива на Банката.

Скопје, 30.07.2026 година

Извештај за паричниот тек

Назив на друштво	**Комерцијална банка АД Скопје**
Период на известување	**01.01 - 30.06**
Година	**2026**
Извештајот е консолидиран	**не**

	во илјади денари	
	Тековна година	**Претходна година**
Паричен тек од основната дејност		
Добивка/(Загуба) пред оданочувањето	**2,798,223**	**2,960,070**
Коригирана за:		
Неконтролирано учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех*		
Амортизацијата на:		
нематеријални средства	17,292	11,274
недвижности и опрема	115,876	118,392
Капиталната добивка од:		
продажба на нематеријални средства	0	0
продажба на недвижности и опрема	-5,569	-3,736
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	-97,955	-482,306
Капиталната загуба од:		
продажба на нематеријални средства	0	0
продажба на недвижности и опрема	0	0
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	0	0
Приходи од камата	-3,518,811	-3,404,751
Расходи за камата	459,351	416,948
Нето-приходи од тргување	-9,051	5,145
Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа		
дополнителна исправка на вредноста и посебна резерва	1,344,738	1,456,573
ослободена исправка на вредноста и посебна резерва	-1,063,460	-1,141,060
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето основа		
дополнителни загуби поради оштетување	0	4,885
ослободени загуби поради оштетување	0	0
Резервирања		
дополнителни резервирања	0	0
ослободени резервирања	0	0
Приходи од дивиденди	-55,897	-36,979
Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва	0	0
Останати корекции	3,856	1,084
Наплатени камати	3,626,422	3,825,070
Платени камати	-492,094	-318,406
Добивка од дејноста пред промените во деловната актива	***3,122,921***	***3,412,203***
(Зголемување)/намалување на деловната актива:		
Средства за тргување	10,718	77,485
Деривативни средства чувани за управување со ризик	0	0
Кредити на и побарувања од банки	-1,297,456	262,287
Кредити на и побарувања од други комитенти	-2,955,171	-3,354,352
Заложени средства	0	0
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	37,435	107,460
Задолжителна резерва во странска валута	-426,824	43,733
Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни прописи	0	0
Останати побарувања	2,078,698	1,904,712
Одложени даночни средства	0	0
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување	0	0
Зголемување/(намалување) на деловните обврски:		
Обврски за тргување	-640	-1,647
Деривативни обврски чувани за управување со ризик	0	0
Депозити на банки	83,423	-877,306
Депозити на други комитенти	4,243,755	2,828,835
Останати обврски	788,638	-129,443
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	0	0

Извештај за паричниот тек

Назив на друштво	**Комерцијална банка АД Скопје**
Период на известување	**01.01 - 30.06**
Година	**2026**
Извештајот е консолидиран	**не**

	во илјади денари	
	Тековна година	**Претходна година**
Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето	***5,685,497***	***4,273,967***
(Платен)/повраћај на данок на добивка	-285,656	-477,330
Нето паричен тек од основната дејност	**5,399,841**	**3,796,637**
Паричен тек од инвестициската дејност		
(Вложувања во хартии од вредност)	-11,880,318	-7,408,095
Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност	9,046,327	9,834,489
(Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва)	0	0
Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва	0	0
(Набавка на нематеријални средства)	-193,699	-62,554
Приливи од продажбата на нематеријалните средства	0	0
(Набавка на недвижности и опрема)	-146,857	-159,403
Приливи од продажбата на недвижностите и опремата	11,684	3,732
(Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба)	0	0
Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба	0	0
(Останати одливи од инвестициската дејност)	0	0
Останати приливи од инвестициската дејност	180,679	147,994
Нето паричен тек од инвестициската дејност	**-2,982,184**	**2,356,163**
Паричен тек од финансирањето		
(Отплата на издадените должнички хартии од вредност)	0	0
Приливи од издадените должнички хартии од вредност	0	0
(Отплата на обврските по кредити)	-286,830	-314,946
Зголемување на обврските по кредити	288,836	1,537,324
(Отплата на издадените субординирани обврски)	0	0
Приливи од издадените субординирани обврски	0	0
Приливи од издадените акции / сопственички инструменти во текот на периодот	0	0
(Откуп на сопствени акции)	0	0
Продадени сопствени акции	15,569	0
(Платени дивиденди)	-3,076,740	-2,848,834
(Останати одливи од финансирањето)	-5,392	0
Останати приливи од финансирањето	0	0
Нето паричен тек од финансирањето	***-3,064,557***	***-1,626,456***
Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти	-293	107
Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти	0	0
Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти	**-647,193**	**4,526,451**
Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари	48,304,303	45,108,650
Парични средства и парични еквиваленти на 30 Јуни	**47,657,110**	**49,635,101**

* само за консолидираните финансиски извештаи

Извештај за промените во капиталот и резервите

Назив на друштво **Комерцијална банка АД Скопје** **Период на известување** **01.01 - 30.06** **Година** **2026**

во илјади денари	Капитал				Реваloризациски резерви					Останати резерви			Задржана добивка					
	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопственички инструменти	Реваloризациска резерва за средства расположливи за продажба	Реваloризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања	Резерва за заштита од ризикот	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење	Останати реваloризациски резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите	(Акумулиран и загуби)	**Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката**	Неконтролирано учество*	**Вкупно капитал и резерви**
На 1 јануари 2025 година (претходна година)	2,279,067	771,527	0	0	-477	0	0	0	0	455,813	0	11,670,182	4,924,786	760,000	0	**20,860,898**	0	**20,860,898**
Корекции на почетната состојба	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
На 1 јануари 2025 година (претходна година), коригирано	**2,279,067**	**771,527**	**0**	**0**	**-477**	**0**	**0**	**0**	**0**	**455,813**	**0**	**11,670,182**	**4,924,786**	**760,000**	**0**	20,860,898	**0**	20,860,898
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година																		
Добивка/(загуба) за финансиската година	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	5,077,306	0	0	**5,077,306**	0	**5,077,306**
Останати добивки/(загуби) во периодот																		
Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба																		
должнички инструменти																		
- нереализирани промени во објективната вредност (нето)	0	0	0	0	2,197	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**2,197**	0	**2,197**
вредност (нето), префрлени во Билансот на успех	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
- дополнителна исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
- ослободување на исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
сопственички инструменти																		
- нереализирани промени во објективната вредност (нето)	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
- реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во Останати резерви	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од парични текови	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Курсни разлики од вложување во странско работење	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (наведете детално)	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите	***0***	***0***	***0***	***0***	***2,197***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***2,197***	***0***	2,197
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година	***0***	***0***	***0***	***0***	***2,197***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***5,077,306***	***0***	***0***	***5,079,503***	***0***	***5,079,503***
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите:																		
Издадени акции во текот на периодот	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Издвојување за законска резерва	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Издвојување за останати резерви	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	1,915,952	-1,915,952	0	0	0	0	0
Дивиденди	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	-2,848,834	0	0	-2,848,834	0	-2,848,834
Откуп на сопствени акции	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Продадени сопствени акции	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Други промени во капиталот и резервите (наведете детално) Стекнати сопствени акции со судско решение	0	0	-13,386	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	-13,386		-13,386
Задржана добивка за инвестициски вложувања	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	-160,000	160,000	0	**0**	0	**0**
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите	**0**	**0**	**-13,386**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1,915,952**	**-4,924,786**	**160,000**	**0**	**-2,862,220**	**0**	**-2,862,220**

во илјади денари	Капитал				Реваloризациски резерви					Останати резерви			Задржана добивка		(Акумулиран и загуби)	**Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката**	Неконтролирано учество*	**Вкупно капитал и резерви**
	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопственички инструменти	Реваloризациска резерва за средства расположливи за продажба	Реваloризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања	Резерва за заштита од ризикот	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење	Останати реваloризациск и резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите				
На 31 декември 2025 (претходна година)/ 1 јануари 2026 (тековна година)	**2,279,067**	**771,527**	**-13,386**	**0**	**1,720**	**0**	**0**	**0**	**0**	**455,813**	**0**	**13,586,134**	**5,077,306**	**920,000**	**0**	**23,078,181**	**0**	**23,078,181**
Корекции на почетната состојба	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
На 1 јануари 2026 година (тековна година), коригирано	**2,279,067**	**771,527**	**-13,386**	**0**	**1,720**	**0**	**0**	**0**	**0**	**455,813**	**0**	**13,586,134**	**5,077,306**	**920,000**	**0**	**23,078,181**	**0**	**23,078,181**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година																		
Добивка/(загуба) за финансиската година	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	2,798,223	0	0	**2,798,223**	0	**2,798,223**
Останати добивки/(загуби) во периодот																		
Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба																		
должнички инструменти																		
- нереализирани промени во објективната вредност (нето)	0	0	0	0	-417	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**-417**	0	**-417**
- реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во Билансот на	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
- дополнителна исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
- ослободување на исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
сопственички инструменти																**0**		
- нереализирани промени во објективната вредност (нето)	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
- реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во Останати резерви	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Курсни разлики од вложување во странско работење	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (наведете детално)	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
_____																		
_____																		
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите	***0***	***0***	***0***	***0***	***-417***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***-417***	***0***	***-417***
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година	***0***	***0***	***0***	***0***	***-417***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***0***	***2,798,223***	***0***	***0***	***2,797,806***	***0***	***2,797,806***
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите:																		
Издадени акции во текот на периодот	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Издвојување за законска резерва	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Издвојување за останати резерви	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	1,600,566	-1,600,566	0	0	**0**	0	**0**
Дивиденди	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	-3,076,740	0	0	**-3,076,740**	0	**-3,076,740**
Откуп на сопствени акции	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0	**0**
Продадени сопствени акции	0	2,105	13,386	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**15,491**	0	**15,491**
Други промени во капиталот и резервите (наведете детално)																		
Задржана добивка за инвестициски вложувања	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	-400,000	400,000	0	**0**	0	**0**
_____																		
_____																		
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите	**0**	**2,105**	**13,386**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1,600,566**	**-5,077,306**	**400,000**	**0**	**-3,061,249**	**0**	**-3,061,249**
На 30 јуни 2026 (тековна година)	**2,279,067**	**773,632**	**0**	**0**	**1,303**	**0**	**0**	**0**	**0**	**455,813**	**0**	**15,186,700**	**2,798,223**	**1,320,000**	**0**	**22,814,738**	**0**	**22,814,738**

* само за консолидираните финансиски извештаи